Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-238/1
9.4.2026 год.
ОХРИД

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 43 и член 19, став 2, точка 12 во врска со член 40 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, 58/24 и 124/25) и член 51 став 2 точка 12 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019), Универзитетскиот сенат на седница одржана на 09.04.2026 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за обезбедување квалитет на Универзитетот за информатички науки и технолгиии „Св. Апостол Павле“ Охрид

I.
ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (во понатамошниот текст: Правилник), се уредуваат стандардите и постапката на обезбедување систем на квалитет во работењето на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (во понатамошниот текст: Универзитет), како и составот, изборот и надлежноста на телата надлежни за обезбедување квалитет на Универзитетот и единиците во неговиот состав.

Член 2

Системот за обезбедување квалитет е воспоставен од стандарди, постапки и методи со цел развој и унапредување на квалитетот и на највисоките нивоа на образовната, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност како и во стручните и административните активности на Универзитетот.

Член 3

Системот за обезбедување квалитет на Универзитетот се темели на Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, 58/24 и 124/25), Правилникот за стандарди и постапки за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 153/2022), Статутот на Универзитетот за изнформатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019) како и стандардите и постапките на Болоњскиот процес кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование, од Правилникот и другите општи акти на Универзитетот.

II.

СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

Стандарди

Член 5

Системот за обезбедување квалитетот во работењето на Универзитетот и единиците се остварува преку континуирано следење на исполнувањето на следните стандарди пропишани во Правилникот за стандарди и постапка за надворешна евалуација и самоевалуација:

1. Институционални политики за обезбедување на квалитет;
2. Креирање, одобрување и следење на студиските програми;
3. Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
4. Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати;
5. Наставен кадар;
6. Ресурси за учење и поддршка на студентите;
7. Управување со информации;
8. Информирање на јавноста;
9. Меѓународна соработка и интернационализација.

Постапки

Член 6

Системот за обезбедување квалитет овозможува континуирано подобрување и следење на резултатите од активностите поврзани со работата на Универзитетот и единиците, следење на резултатите од активностите поврзани со спроведување на политиките за обезбедување на квалитет и воспоставување механизми за подобрување на работењето на Универзитетот и неговите единици.

Член 7

Основните постапки за обезбедување на квалитетот опфаќаат:

- дефинирање на мисија и стратегија за обезбедување на квалитет;
- утврдување на мерливи цели во рамките на дефинираната мисија и стратегија;
- спроведување на процес за остварување на мисијата и стратегијата за обезбедување на квалитет;
- мерење и анализа на остварените постигнувања во однос на поставените цели на стратегијата;

- преземање активности за подобрување и дефинирање на нови цели во однос на претходните кои ќе придонесат за подобрување.

Член 8

Обезбедувањето квалитет во работата на Универзитетот и единиците се остварува преку:

- развивање и унапредување на квалитетот во работата на единиците на Универзитетот, во согласност со потребите на пазарот на трудот и другите засегнати чинители во високото образование;
- промовирање и поддржување на квалитетот во високото образование и континуирано усогласување со законските прописи;
- општествено одговорно и квалитетно високо образование.

Член 9

Основните цели на обезбедување на квалитетот во работата на Универзитетот, се:

- зачувување на интересот на Универзитетот и општеството за развој и одржување на квалитетот и стандардите на високото образование;
- подобрување на меѓународното рангирање на Универзитетот;
- унапредување на квалитетот на образованието и вештините кои ги стекнуваат студентите;
- зголемување на можностите за меѓународна мобилност и соработка на наставниот и ненаставниот кадар и студентите;
- подобрување на процесите на управување на универзитетско ниво и соработка меѓу единиците;
- обезбедување транспарентност, спречување на корупцијата и судирот на интереси во работата на Универзитетот и единиците;
- информирање и образување на студентите, наставниот и ненаставниот кадар и сите заинтересирани страни за важноста и потребата од континуиран развој и одржување на квалитетот.

Член 10

За активностите, мерките и резултатите во обезбедувањето на квалитетот на Универзитетот редовно ја информира широката јавност.

Член 11

Постапки преку кои се врши проценка на квалитетотна образованието и целокупното работење на Универзитетот се:

- постапката за самоевалуација
- постапкатаза надворешна евалуацијаод страна на домашни тела
- постапката за надворешна евалуација од меѓународнителa
- постапката за рангирање на универзитетите
- други постапки чии резултати може да имаат ефект врз квалитетот на образованието и останатото работење на Универзитетот.

Тела за обезбедување квалитет на Универзитетот

Член 12

Во Системот за менаџмент со квалитет е интегрирана меѓусебната соработка и делување на повеќе органи и тела на Универзитетот и тоа:

- Универзитетска комисија за квалитет
- Универзитетски сенат
- Ректор
- Ректорска управа
- Комисија за самоевалуација на Универзитетот
- Комисија за подготовка на надворешна евалуација на Универзитетот
- Постојани комисии на Универзитетот
- Наставно-научни совети на единиците на Универзитетот
- Стручна и административна служба.

Телата од став 1 на овој член меѓусебно соработуваат во постапките за обезбедување квалитет во сите активности на Универзитетот.

Член 13

Универзитетот и единиците со нивните органи, стручни и советодавни тела на Универзитетот и единиците настојуваат на независен кадар со одговорно обезбедување квалитетот согласно со нивната надлежност и работни обврски.
Во обезбедувањето квалитет се вклучуваат и студенти, правни и физички лица поврзани или вклучени во активностите на Универзитетот (други образовни институции, стопанството, јавната администрација, невладиниот сектор, алумни и др.).

Универзитетска комисија за квалитет

Член 14

Универзитетската комисија е составена од седум члена, четири наставници на Универзитетот, еден студент, еден претставник на стопанството и еден претставник на алумни заедницата.

Членовите на Универзитетската комисија ги именува и разрешува ректорот на Универзитетот, освен членот од редот на студентите кој го именува и разрешува ректорот на предлог на Универзитетското студентско собрание.

При именувањето, ректорот води сметка за соодветната застапеност на наставници од различни научни подрачја.

Мандатот на членовите на Универзитетската комисија трае три години со право на повторен избор, освен за членот избран од редот на студентите на кого мандатот му трае две години.

Членовите од Универзитетската комисија избираат претседател на Универзитетската комисија од редот на наставниците со мандат од три години со право на повторен избор.

За работата на претседателот и членовите на Универзитетската комисија им следува соодветен надоместок, согласно со актите на Универзитетот.

Надлежности на Универзитететската комисија

Член 15

Универзитетската комисија:

- изготвува и им предлага на Сенатот на Универзитетот донесување на Стратегија за обезбедување квалитет и ја следи нејзината имплементација;

- му предлага на Сенатот донесување на Акциски план за обезбедување квалитет на Универзитетот, носејќи го негово спроведување, дополнителни индикатори за квалитет и план за следење на реализацијата и континуирано унапредување;
- му предлага на Сенатот Годишен план на активности за обезбедување квалитет и подготвува Годишен извештај за реализација на плановите на Универзитетот;
- ги разгледува и анализира резултатите и препораките од Извештајот на Комисијата за самоевалуација;
- дава мислење за Годишните акциски планови на единиците и Годишните извештаи за реализација на акциските план;
- предлага конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста;
- следи и ја следи динамиката на имплементацијата на предложените мерки;
- подготвува предлози за подобрување на стандардите, индикаторите и процедурите утврдени од Националниот совет за високо образование;
- донесува Деловник за својата работа врз основа на општите акти на Универзитетот.

Комисија за самоевалуација

Член 16

Составот, изборот и надлежноста на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот и единиците се уредени согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

При спроведувањето на постапката за самоевалуација, Универзитетот и единиците се раководат од стандардите и индикаторите за квалитет на високо образование утврдени во Правилникот за стандарди и постапки за надворешна евалуација и самоевалуација, во согласност со Водичот (насоките) кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Самоевалуацијата на Универзитетот и на единиците во состав на Универзитетот се спроведува на интервали од најмногу три академски години, врз основа на Упатството за работата на Комисијата за самоевалуација донесено на седница на Сенатот на Универзитетот.

Постапката за самоевалуација на Универзитетот ја спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот,

Дел од постапката за самоевалуација е и студентската анкета, преку која се прибира и формира оценката на студентите за квалитетот на студиските програми и наставно-научниот и соработничкиот кадар на единиците на Универзитетот.

Резултатите од самоевалуацијата се составен дел на Извештајот за самоевалуација, кои се објавуваат на веб страницата на Универзитетот и на единиците.

Дејствување на Системот за менаџмент со квалитет

Член 17

Системот за менаџмент со квалитет треба да дејствува координирано со цел ефективно и ефикасно остварување на поставенитецеливо Стратегијата за развој и плановите за дејствување на Универзитетот и единиците во негов состав.

Член 18

Предмет на дејствување на Системот за менаџмент со квалитет се сите процеси, ресурси, структура, функции и одговорности кои ги опфаќаат следниве подрачја:

- наставна дејност;
- научно-истражувачката дејност;
- применувачка дејност;
- обезбедување наквалитет на студиски програми;
- постапки за оценување на студентите;
- развој на човечки ресурси;
- користење и развој на материјалниресурси;
- развој на информатичкиот систем;
- задоволство на внатрешните и надворешнитекорисници;
- меѓународната соработка;
- друго.

Член 19

Системот за менаџмент со квалитет требада дејствува и согласно резултатите добиеи од конечните Извештаи по завршените постапки за процена на квалитетот на образованието.

Дејствијата на Системот за менаџмент со квалитет треба да бидат насочени кон добро планирање, ефективна контрола како и обезбедување и унапредување на квалитетот на работењето на Универзитетот.

III.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Толкување на одредбите на овој Правилник дава Сенатот на Универзитетот.

Член 21

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот билтен.

Претседател на Универзитетскиот сенат
проф. д-р Нинослав Марина с.р.